ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
# СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ
# АКТИВНОСТИ (787)

01 2019 03 03/03

**Скопје, април 2020**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 4 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојба | 6 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 7 - 8 |
| - Сметководствени политики | 8 - 9 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 9 - 10 |

Кратенки користени во извештајот

Министерство за финансии – министерство
РСМ – Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:10-421/8**
**Датум: 27.04.2010**

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии на сметката на буџет од самофинансирачки активности – проектна единица за згрижување на деца од предучилишна возраст детска градинка „Мини фини буџетчиња“ (787) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2018 година изразивме мислење без резерва, за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во изминатиот период не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност со закони и прописи на Министерството.

Од страна на овластеното лице на Министерството за финансии не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии–на сметката на буџет од самофинансирачки активности – проектна единица за згрижување на деца од предучилишна возраст детска градинка Мини фини буџетчиња (787), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- д-р Драган Тевдоски, министер во периодот од 31.05.2017 до 26.06.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа на нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.09.2019 до 15.11.2019 година кај Министерството за финансии, на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2018 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за финансии, одржан на ден 03.02.2020 година.
Од страна на овластеното лице на Министерството за финансии не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на министерство за финансии на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на министерството за финансии, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Министерство за финансии**

**Сметка од самофинансирачки активности (787)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2018** | **2017** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 611 | 586 |
| **Вкупно приходи** | | **611** | **586** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 611 | 586 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **611** | **586** |
| **Вкупно расходи** | | **611** | **586** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **0** |

**Министерство за финансии**
**Сметка од самофинансирачки активности (787)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 53 | 54 |
| **Вкупно тековни средства** | | **57** | **56** |
| **Вкупна актива** | | **57** | **56** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 53 | 54 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 4 | 2 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **57** | **56** |
| **Вкупна пасива** | | **57** | **56** |